Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 10**

**16.05.2018**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на член на Совет на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченост или отсуство**

1.Го објавувам Решението за определување на член на Совет на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченост или отсуство бр. 08-496/1 од 14.05.2018 година донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-507/1** **Општина Демир Хисар**
**16.05.2018 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Марјанче Стојановски с.р.**

159. Врз основа на член 52 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ, бр. 05/2002) и член 76 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на член на Совет на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченост или отсуство**

**Член 1**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** лицето **Татјана Кочовска од с.Граиште Демир Хисар**, член на Совет на Општина Демир Хисар да го заменува Градоначалникот на општината во случај на спреченост или отсуство.

**Член 2**

Членот на советот на општината од член 1 на ова решение за времето за кое е определен за замена на Градоначалникот ќе ги има сите овластувања од надлежност на Градоначалникот, во согласност со закон.

**Член 3**

Функцијата член на Совет на Општина Демир Хисар ќе биде ставена во мирување на лицето од член 1 на ова решение за времето додека го заменува градоначалникот на општината.

**Член 4**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Демир Хисар''.

*Доставено до:*

- *Именуваната и*
- *Архива*

**Бр.08-496/1** **Општина Демир Хисар**
**14.05.2018 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Марјанче Стојановски с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за определување на член на Совет на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченост или отсуство---------------------------------------------------1-2

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**